ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА
ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
03-420
07. 2005 год.
СКОПЈЕ

ЗЕЛС

МАС
*Агенција за странски инвестиции на Република Македонија*

**ПРОТОКОЛ**
**ЗА**
**СОРАБОТКА МЕЃУ**
**АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И**
**ЗАЕДНИЦАТА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**склучен на 11.07.2005 година, во Скопје**

Со цел создавање поволна бизнис клима и зголемување на приливот на странски инвестиции, како услов за поттикнување на економскиот развој во Република Македонија, особено преку вршење анализа на условите за инвестирање и доставување на конкретни предлози, развивање и имплементирање на стратегија за промоција на инвестиции, развивање на база на податоци за целни компании; обезбедување на услуги на инвеститори; промовирање на регионите на Република Македонија; подобрување на имиџот на Република Македонија како локација атрактивна за инвестирање и генерирање на инвестициони можности; и искористување на секоја можност за поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија, и друго. Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија и Стопанската Комора на Македонија, склучуваат Протокол за соработка со којшто се утврдува начинот на соработката и тоа:

1. Разменување податоци и информации со кои располагаат потписничките на Протоколот, особено бази на податоци на (*целни компании)* домашни субјекти (правни и физички лица) кои имаат расположливи капацитети како и проекти за привлекување на странски директни инвестиции, како и бази на податоци на потенцијални странски инвеститори; *документи и прописи*; соработка при вршење анализа на условите за инвестирање и предлагање на конкретни мерки во насока на подобрување на климата за инвестирање; и друго во согласност со заедничкиот интерес и надлежностите.

2. Преземање заеднички активности за организирање, учество и презентирање на македонското стопанство и можностите за инвестирање на бизнис форуми, семинари, симпозиуми и конференции во земјата и странство;
3. Развивање на партнерство во проекти што се однесуваат на развивање и имплементирање на најдобри практики на стратегии за промоција на инвестиции за привлекување на странски инвестиции, подобрување на имиџот на Република Македонија како локација атрактивна за инвестирање и генерирање на инвестициони можности;
4. Организирање средби меѓу претставниците на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија и претставници на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република македонија.
5. Протоколот влегува во сила со денот на потпишувањето, а е составен во 2 (два) еднакви примерока, од кои по еден за секоја страна.

**Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија**

Претседател,
***Андреј Петров***

**Агенција за странски инвестиции на Република Македонија**

Директор,
***Виктор Делов***